**ОГЛАС ЗА АВТОРИ/АВТОРСКИ ТИМОВИ**
**ЗА ИЗРАБОТКА НА МАТЕРИЈАЛИ ЗА УЧЕЊЕ**

Бирото за развој на образование има потреба од автори/авторски тимови за изработка на материјали за учење согласно наставните програми за прво одделение на деветгодишното основно образование.

**Од авторите се очекува**:

- да имаат искуство во пишување учебници, материјали за учење наставни и дидактички материјали и способност да ги преточат содржините, поимите и активностите од наставните програми за прво одделение во креативни и примамливи материјали за учење соодветни на возраста на учениците; со цел да се постигнат резултатите од учење определени во секоја тема од наставните програми;
- сите содржини во материјалите за учење да ги базираат на современи, научно засновани и релевантни сознанија, а сите примери и активности да бидат креирани на начин да се интересни за учениците и да се во релација со нивните искуства;
- преку материјалите за учење (примерите, информациите, описите на ситуации, имињата и сл.) да ги промовираат еднаквоста и почитувањето на различностите по сите основи, инклузивноста и да промовираат почитување на сите етнички заедници во државата и да ја поддржуваат меѓуетничката интеграција
- да соработуваат со групи на експерти коишто ќе работат на подготовка на материјалите за учење и со ликовните илустратори/графички дизајнери избрани од Бирото за развој на образованието со цел да се обезбеди унифициран стил и квалитет на матријалите;
- да поседуваат високо ниво на креативност и ефикасност во работење во услови на многу кратки рокови;
- да се мотивирани, самоиницијативни и да работат ефикасно по дадени насоки од Бирото за развој на образованието.

**Образование:**

Автор на материјал за учење може да биде лице со завршено најмалку високо образование од областа на која припаѓа наставниот предмет за кој е наменет материјалот за учење и има искуство како наставник или соработник во високо образование, односно како наставник во основно или средно образование по соодветниот наставен предмет за кој е наменет материјалот за учење.

Автор на материјал за учење може да биде и лице со најмалку високо образование кое е соодветно според нормативот утврден во наставната програма за предметот за кој е наменет материјалот за учење и искуство како наставник или соработник во високото образование, односно како наставник во основно или средно образование

Авторот/авторските тимови може да соработуваат и во тимивоите да вклучат и лица со завршено најамалку високо образование од сродни области на наставниот предмет со искуство во пишување на материјали за учење, наставни и/или дидактички материјали.

**Искуство:** Потребно е минимум две години работно искуство во професијата, како и искуство како автор на учебници, материјали за учење, прирачници и други наставни и дидактички материјали.

**Рок за изработка на материјалите:** до 25 јуни 2021 год.

**Работни услови**: работа од дома. Од избраниот кандидат се очекува да има средби и состаноци во живо или преку некоја од веб апликација со членовите на работните групи кои работат на материјалите за учење.

**Како да аплицирате:**
Авторите што се заинтересирани за изработка на материјал за учење по одреден предмет, аплицираат со подготвена една тема (по нивен избор) од наставната програма. Дозвола за изработка на целиот материјал за учење авторите добиваат откако, врз основа на вреднувањето на приложената тема, се констатира дека се подготвени да ги почитуваат стандардите и индикаторите што се однесуваат на изработката на материјалот за учење.

Предлог материјалот за учење задолжително треба да бидат авторски. Материјалите (првата тема) треба да се достават до архивата на Бирото за развој на образованието („Руѓер Бошковиќ“ , 20) најдоцна до 30 април 2021 година.

Во апликацијата покрај разработката на темата се приложува и пријава за конкурсот, куса биографија на авторот/авторите и листа со авторски материјали (копија од насловна страница, линк до материјалот, доколку е електронски објавен или примерок од печатена верзија на материјалот/ите).

Биро за развој на образованието